СВЕТ
СПОРТ
АВТОМОБИЛИЗАМ




# ЗНМ и ССНМ: Остра осуда за скандалозната одлука за воведување на цензура од страна на Слободен печат

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) остро ја осудуваат срамната постапка од страна на медиумот Слободен печат да избрише текст кој го уредил и објавил колегата новинар и уредник Жарко Настоски. Двете новинарски организации со своите адвокатски тимови стојат на располагање на колегата Настоски за бесплатна правна помош.



Станува збор за текст со наслов „Владата полутајно му дозволила на милионерот Дестани да ги спои концесиите за рудник во Струмичко“, кој што беше објавен на 5.7.2023 (среда) од страна на

Слободен печат, а во кој се пишува за тоа дека владата дозволила спојување на концесиите за рудниците во Иловица и Штука во Струмичко. Неколку часа по објавувањето текстот беше избришан, а линкот беше неактивен.

Ваквата срамна постапка сама по себе претставува скандал и грубо прекршување на слободата на говор и професионалното новинарство.

Новинарите се должни да објавуваат информации што содржат сомнеж за злоупотреби на сите носители на јавни функции, бидејќи на тоа ги обврзува новинарскиот Кодекс во кој јасно стои дека новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.

Оттука сакаме да потсетиме дека цензурата во Македонија е забранета со Устав и тоа е јасно пропишано во членот 16 од Уставот на РСМ.

ЗНМ и ССНМ како еснафски организации кои ги штитат правата и интересите на новинарите и медиумските работници во земјава му даваат целосна поддршка на колегата Настоски и потенцираме дека неговата реакција на оваа цензура е пример за одбрана на новинарскиот интегритет.




**Објавено на**
6.7.2023 - 22:04

**Сподели**

## ТОП ВЕСТИ



### 4 години за кубење коса, а 8 години затвор за убиство



Најлошите поплави во историјата на Словенија убија шест луѓе: „Штетата е неколку...



Бугарската дијаспора против Резолуцијата на ОМД во американскиот Сенат















## НАЈЧИТАНИ ВЕСТИ

- На Словенија по поплавите ѝ се закануваеколошка катастрофа
- Силна експлозија во турско пристаниште на Мраморно Море, има повредени (...
- Од ноќеска на полноќ бензините поевтинуваат, дизелот поскапува

- ОМО Илинден Пирин - За 10 дена, Бугарија успеа да дискриминира 4 различни...
- Нигер го затвори воздушниот простор


## ШТО СЕ ЧИТА ВО КОМШИИ


- Почна да прекипува по Европа
- Јасно зошто жена му го разведе
- Патриот, спасителот на Киев
- Медиумско пакетче
- Обединето неписмена


off.net.mk

### Категории


Македонија

Спорт

Свет

Разно

Култура

Кујна

Автомобилизам

Колумни

## Страници

Политика на приватност

Услови на користење

Импресум

## Информации

Маркетинг

Контакт

За нас

## Контакт

**Издавач: Портал њуз ДОО**

078 / 219-341 • 078 / 219-342

contact@mkd.mk

Сите написи се користат само за лично информирање.
Превземање, нивно користење и реемитување се можни само со посебен договор со основачот на порталот.

Develop & Design Altius.mk © 2022.